Ново срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година V. бр. 161. Дата: 28. 01. 2013.

## ПОРАКАТА НА СНЕГОТ

*„И сега дојдете, да бидеме прави, говори Господ. Ако ви бидат гревовите како црвено сукно, ќе бидат **бели како снег**“.* **(Исаија 1:18)**

Снегот е главното обележје на зимата. Овие денови, тој ги украсува и нашите покриви, улици и полиња. Со него, се изгледа почисто и побело. Па затоа во Библијата, снегот се користи како споредба за очистено срце; човек на кого му се простени гревовите. Во книгата на пророкот Исаија, Бог повикува да дојдеме при Него, да се покаеме и да ги промениме нашите патишта. Тогаш Бог ќе направи нашите гревови да станат бели како снег.

Во еден од псалмите, цар Давид признава дека е грешен и извикува кон Бог, со зборовите: *„Пороси ме со исоп, за да се очистам; измиј ме и ќе бидам побел од снегот!“* **Псалм: 51:7**



Сигурно ви се случило да згрешите пишувајќи и тогаш решавате да го скинете листот и да започнете на нов лист. Но што ако не смеете да го кинете листот? Тогаш зимате коректор и со бел нанос, ја покривате направената грешка. Снегот прави нешто слично; тој ја покрива сета нечистотија и ѓубре и наеднаш улиците и полињата стануваат бели и чисти. Старите изгниени ќерамиди сега се бели и убави; р'ѓосаниот автомобил, кој со години стои пред зградата, сега има нов лик, со бела боја; нивата која беше наполнета со најлонски ќесиња, лименки и хартија, сега е прекриена со бел тепих, како да се подготвува за пречек на цар; па дури и елките и боровите во шумата добиваат „празнична“ облека.

Се разбира, снегот нема моќ трајно да ги очисти сите недостатоци и нечистотии, кои се кријат под снежната покривка.Тој само не́ подсетува на Божјото ветување, дека Тој може да направи нашите гревови да бидат „бели како снег“.

Без разлика како живот си живеел и што си правел во минатото, Бог е спремен да ти го прости гревот и да те направи нов човек. Можеби во твојот живот носиш тежок товар, за гревови кои си ги сторил; можеби си живеел нечесен или неморален живот; си крадел, си живеел безбожно, си повредувал други луѓе...па дури и носиш убиство на твојата совест;
Бог за сето тоа ти порачува: *„И сега дојдете, да бидеме прави, говори Господ. Ако ви бидат гревовите како црвено сукно, ќе бидат **бели како снег**“.*

Ова е можно само затоа што „некој друг“ ја плати казната за твоите гревови. Исус Христос беше спремен да пострада на крстот, за да биде казнет наместо мене и тебе. Со тоа, Тој обезбеди прошка и спасение за секој што ќе поверува во Него и ќе го прифати за Господ и Спасител; за секој што ќе се покае и ќе биде спремен да го напушти гревот.



Во Светото Писмо стои запишано: *„И така, мажи браќа, знајте дека преку Него (Исус) ви се навестува простување на гревовите; и од сѐ од што не можевте да се оправдате преку Мојсеевиот Закон, преку Него се оправдува секој, кој верува“.* **(Дела 13:38-39)**

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**